АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
ВИНЕР - ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ

# УСЛОВИ И ТАРИФА

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КАНЦЕЛАРИИ, ОРДИНАЦИИ И ТРГОВСКО ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Октомври 2015 година

# УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КАНЦЕЛАРИИ, ОРДИНАЦИИ И ТРГОВСКО ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

## I. ВОВЕД

Текстот по условите и тарифите за осигурување е по секции на ризици, а во согласност со општите и дополнителните услови од односните секции на ризици, важечки во моментот на склучување на осигурувањето.

Во случај на неусогласеност на овие услови со општите и дополнителните услови за осигурување на секциите, важат општите и дополнителните услови за осигурување по секции.

## II. ПОКРИТИЕ

Заштита на имотот - објектот, опремата, потрошниот материјал на залиха, од ризици точно наведени во рамки на полисата, и одговорност од дејност, сите согласно оваа тарифа и условите наведени во точка I. вовед.

Доколку клиентот поседува две или повеќе канцеларии (на различна адреса), треба да се издаде за секоја од нив посебна пресметка со примена на оваа тарифа за секој објект (канцеларија) посебно, на различни полиси.

### II. 1 - ПОКРИТИЕ А

**БИЗНИС ПАКЕТ**

**ОСИГУРУВАЊЕ НА ОБЈЕКТОТ И ОПРЕМАТА ОД ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ**

1) пожар;
2) удар од гром;
3) експлозија, освен експлозија на нуклеарна енергија, доколку поинаку не е договорено;
4) луња;
5) град;
6) удар со сопствено моторно возило и сопствена подвижна работна машина во осигурените градежни објекти;
7) паѓање на воздушни летала;
8) манифестација и демонстрација, само ако уредно се пријавени пред надлежни органи и се знаат организаторите.

**БИЗНИС ПЛУС ПАКЕТ**

**ОСИГУРУВАЊЕ НА ОБЈЕКТОТ И ОПРЕМАТА од пожар и некои други опасности (покритие во Бизнис пакет) и:**

**- ЗЕМЈОТРЕС,** за градежниот објект на сума на осигурување, а за опремата на договорена сума на осигурување на прв ризик, со франшиза од 25 % од сума на осигурување на објектот / договорената сума на прв ризик за опремата, во секој штетен настан.

**- ПОПЛАВА, ПОРОЈ и ВИСОКИ ВОДИ,** за градежниот објект на сума на осигурување, а за опремата на договорена сума на осигурување на прв ризик, со франшиза од 10 % од сума на осигурување на објектот / договорената сума на прв ризик за опремата, во секој штетен настан.

1. Осигурување на објектот – од пожар и некои други опасности

Под објект се подразбира: просториите во канцеларијата, трајно вградени уреди, фиксирани покриви на зидови, тавани, прозорци, подови. Објектот се осигурува на на сума на осигурување, по 400 еур за 1 м2.

Надоместот (исплатата) на штета се врши врз основа на трошоците за замена (со тоа што сумата на осигурување одговара целосно на дел од вкупниот износ на трошоците за замена), намалени за степенот на амортизација.

2. Осигурување на опремата – од пожар и некои други опасности

Опремата се прима во осигурување врз основа на сметководствени податоци на Осигуреникот и новонабавна вредност, а осигурувањето е на договорена вредност на прв ризик до 5.000 еур во денарска противвредност на денот на штетниот настан. Задолжителна франшиза од 10% во секој штетен настан, но не помалку од 50 Евра во денарска противвредност на денот на случување на штетниот настан.

Кај осигурувањето на подвижните ствари и опремата во просториите за кои одговара Осигуреникот, се смета дека се осигурени сите ствари што се наоѓаат во местото означено во полисата за осигурување, во моментот на склучување на осигурувањето, а осигурени се само оние ствари што се сопственост на Осигуреникот (со доказна документација – сметководствени податоци, поткрепени со физички документ).

Во случај на проширување или промена на местото на осигурување назначено во полисата, не се дава осигурителна заштита.

Надоместот (исплатата) на штета се врши врз основа на трошоците за замена со тоа што износот на надоместот одговара целосно на дел од вкупниот износ на трошоците за замена намалени за износот на франшизата, амортизирана вредност и остатоците на денот на склучувањето на осигурувањето, согласно член 5 од Општите услови за осигурување имот, а најмногу до износот означен како договорена сума на осигурување на прв ризик во полисата.

Пропорција е применлива доколку се утврди дека се работи за подосигурување.

**II - 2 ПОКРИТИЕ Б - ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОКРИТИЈА**
**(И ЗА БИЗНИС И БИЗНИС ПЛУС ПАКЕТ, СО СООДВЕТЕН ДОПЛАТОК)**

**Дополнителните покритија не може да бидат купени, доколку не е вклучен бизнис или бизнис плус пакетот.**

**Б. Ризик кршење стакло на прв ризик**

Покритие 1.000 еур

Предмет на осигурување се сите видови стакла надворешни и внатрешни фиксни, рамно, брусено, внатрешно стакло, фиксирано керамика и стаклен порцелан.

Во случај на ненадејно кршење на осигурено стакло ќе се исплати сума до вредноста наведена на полисата, односно износот од 1.000 еур во денарска противвредност за целиот период на осигурување.

Задолжителна франшиза 10 % од договорената сума на осигурување на прв ризик во секој штетен настан.

**В. Ризик кражба на прв ризик**

Покритие 1.500 еур

Ризикот кражба дава покритие за провална кражба и разбојништво, на опремата и потрошниот материјал на залиха на Осигуреникот што се наоѓаат во местото на осигурување во моментот на склучување на осигурувањето, а кои се сопственост на Осигуреникот (со доказна документација – сметководствени податоци, поткрепени со физички документ).

Задолжителна франшиза 10 % од договорената сума на осигурување на прв ризик, во секој штетен настан.

Исклучени од покритието: кражба од член од семејството на сопственикот или вработените, кражба при оставена отклучена просторија надвор од работно време или кражба во услови на напуштање на просториите од сите вработени во работно време, кражба во случај на оставен отворен прозор во простории на ниско приземје.

**Г. Ризик кршење машини на прв ризик**

Покритие 2.500 еур

Покритие од кршење машини се однесува на машините, уредите и апаратите на Осигуреникот од ризиците опфатени во условите, а се смета дека се осигурени сите машини што се наоѓаат во местото на осигурување во моментот на склучување на осигурувањето и се сопственост на Осигуреникот (со доказна документација – сметководствени податоци, поткрепени со физички документ).

Осигурителното покритие е на база трошоци за поправка или замена со откупена амортизација и задолжителна франшиза од 10 % од договорената сума на осигурување на прв ризик, во секој штетен настан.

**Д. Ризици на електронска опрема на прв ризик**

Покритие 1.500 еур

Осигурена е електронската опрема на Осигуреникот од ризиците пожар и кражба. Осигурителното покритие е на база трошоци за поправка или замена со задолжителна франшиза од 25 евра во секој штетен настан.

За вклучување на ризикот кршење, осигурувањето оди по посебна полиса, согласно тарифата која го покрива овој ризик.

***Ѓ. Ризик Одговорност од дејност на сума на осигурување***

Покритие 5.000 еур

Предмет на осигурување по овие Услови е одговорност на Осигуреникот за штети на трети лица, а поради грешки во извршувањето на дејноста со франшиза 10 % од сумата на осигурување (покритието наведено во полисата) во секој штетен настан, а по докажана утврдена штета причинета од извршување на дејноста на Осигуреникот.